# QA Job Description

## ОПИС НА РАБОТНО МЕСТО

Помладиот инженер за квалитет и поддршка ќе развива use-cases и тест сценарија, изведува мануелни и автоматизирани софтверски тестови, документира и рефинира формални тест процеси, гради инфраструктура за автоматизирање на тестови и автоматизира селективни тестови за софистицирани клиент-сервер апликации. Исто така ќе извршува load/перформансни тестови врз софтверските решенија со цел обезбедување квалитет на повисоко ниво.

Дополнително, инженерот ќе работи на развој на процеси и скрипти за deploy и инсталација на апликативни решенија.

Согласно одговорноста за квалитетот, инженерот директно ќе соработува со инженерите за развој на софтвер, крајните корисници и бизнис аналитичарите.

## ПОТРЕБНИ ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА

- Познавање и примена на методологии и техники за тестирање
- Познавање на процесот за развој на софтвер
- Познавање на оперативни системи (Windows, Linux)
- Работа со бази и манипулација со податоци
- Работа со Unified Modeling Language
- Работа со HTML/JS/AJAX
- Искуство со еден или повеќе програмски јазици: C#, scripts batch, Shell script
- Познавање на комуникациски протоколи: http/https, telnet, ssh, snmp
- Работа со Visual Studio
- Адаптабилно техничко знаење и можност за извршување на повеќе задачи во исто време
- Добри пишани и вербални комуникациски способности
- Развој на генерални и детални спецификации за дизајн на тестови
- Високо развиени вештини за тестирање и утврдување на квалитет

## ВЕШТИНИ КОИ СЕ СМЕТААТ ЗА ПРЕДНОСТ

- Работење со Microsoft Test Manager
- Работење со Team Foundation Server (или слична алатка)
- Соодветна Microsoft/ISTQB сертификација

## ТЕХНИЧКИ ОДГОВОРНОСТИ

- Промовирање на квалитет во рамки на организацијата
- Интеракција со бизнис аналитичарите за отклонување на проблеми откриени пред да започне процесот на имплементација на софтверските решенија
- Развој на детални тест планови и кориснички сценарија базирани на проектните барања
- Пишување на валидациски процедури
- Инсталација, конфигурација и управување со платформи за тестирање на софтвер
- Инсталација и конфигурација на апликативни платформи и сервиси
- Интеракција со инженери за развој на софтвер за отклонување на проблеми откриени во текот на процесот на тестирање
- Планирање, извршување на функционални, автоматски, сигурносни, перформансни и регресивни тестови на веб и мобилни апликации
- Валидирање на нови верзии
- Креирање на deploy скрипти за инсталација
- Пронаоѓање и анализа на логови со грешки
- Пишување на Кориснички и Системски упатства и водичи
- Делување на прва линија на поддршка на проектите во продукција

Партизански Одреди 62, 1000, Скопје, Македонија
Тел: [+389 2] 3075 111

nextsense